**20131834429**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр.171/2012), а во врска со член 49, став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр.52/2010 и 135/2011), член 2 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.23/2009) и точка 2 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондациите („Службен весник на Република Македонија” бр.4/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.12.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 12.000.000 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, раздел 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфер до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, како учество на Републиката во финансирањето на следните здруженија и фондации:

| Реден број | Архивски број | НАЗИВ | СЕДИШТЕ | ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 27-34/1 | Здружение за развој на ромската заедница во Република Македонија - Сумнал | Скопје | И јас ја сакам Македонија |
| 2. | 27-125/1 | Здружение на деца и младинци без родители од детските домови и дом семејства во Република Македонија „Градиме иднина“ | Скопје | Проект за курс по англиски јазик, четврти степен за децата и младинците без родителска грижа |
| 3. | 27-90/1 | Здружение за борба против рак „Борка - за секој нов ден“ | Скопје | Биди сигурен, ти ги знаеш фактите! |
| 4. | 27-171/1 | Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ | Гостивар | Чекор кон заедништво |
| 5. | 27-208/1 | Коалиција на младински организации СЕГА | Прилеп | Дете правобранител – модел за заштита на детските права |
| 6. | 27-27/1 | Сојуз на здруженија за техничка култура Народна техника - Кичево | Кичево | Народните обичаи - дел од културниот идентитет на Поречијата |
| 7. | 27-99/1 | Здружение Совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Скопје | Фестивал Златно славејче 2013 |
| 8. | 27-178/1 | Здружение на Власите на општина Гевгелија - Мегленија | Гевгелија | Хума - повик од нашите предци |
| 9. | 27-202/1 | Здружение на граѓани Симбиоза | Штип | Основна обука за монтажери на термални и фотонапонски соларни системи во регионот на Источна Македонија |
| 10. | 27-5/1 | Извиднички одред „Димитар Влахов“ | Велес | Младинско-економска самопомош |
| 11. | 27-16/1 | Здружение на граѓани Космос | Кратово | Богатствата на Кратово како економски ресурс за туристичка атракција |
| 12. | 27-29/1 | Граѓанско здружение „Ден на дрвото - засади ја својата иднина!“ | Скопје | Еднодневни масовни акции за пошумување на Република Македонија |
| 13. | 27-60/1 | Здружение Доверба | Куманово | Рурален развој преку културни обележја во кумановско |
| 14. | 27-74/1 | Организација на жени турчинки во Република Македонија ДЕРЈА | Скопје | Стоп за семејното насилство врз жените |
| 15. | 27-152/1 | Здружение Македонски Егеј | Штип | Културниот идентитет - симбол на нашиот народ |
| 16. | 27-180/1 | Центар за детска и младинска иницијатива ВИДЕЛИНА | Прилеп | Нов дизајн на природните извори од општина Прилеп |
| 17. | 27-62/1 | Ромски едукативен центар Амбрела | Скопје | Јас сум совршен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | 27-186/1 | Здружение на граѓани за демократија Тогетхер Мацедониа | Битола | НВО - Инфоцентар |
| 19. | 27-211/1 | Организација на жените на Свети Николе | Свети Николе | Убавите нешта се во мали пакувања - Запознај ја Македонија |
| 20. | 27-26/1 | Здружение за заштита и развој на руралните простори ИЗВОР | Кичево | Ресурси и можности за развој на Кичевско Сувополе |
| 21. | 27-50/1 | Здружение за хуманитарни активности Синергија | Штип | ЛЕС - Логопедски едукативен софтвер |
| 22. | 27-71/1 | Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби Бравура Кооператива | Делчево | Регионално партнерство за еднакви можности |
| 23. | 27-194/1 | Здружение Свет Крст | Виница | Туристички водич за Виница |
| 24. | 27-200/1 | Центар за помош и интегрирање на недоволно развиените и развиените подрачја во граѓанското општестов Кичево, НВО Центар | Кичево | Унапредени работнички права = повисок процент на вработеност на жените |
| 25. | 27-209/1 | Здружение на уметници ракотворци Македонски ракотворби | Битола | Колонија на уметници ракотворци од различна културна и етничка припадност |
| 26. | 27-207/1 | Здружение на студенти по право и млади правници Павел Шатев | Кочани | Креативно информирање на граѓаните од Источна Македонија |
| 27. | 27-82/1 | Здружение за духовно обединување на Сетинци, Попадинци и Крушодари од Лерин во Македонија | Скопје | Културниот идентитет на Македонците по потекло од Егејскиот дел на Македонија како фактор за јакнење на довербата и коегзистенцијата меѓу македонскиот и грчкиот народ и нивните држави Македонија и Грција |
| 28. | 27-44/1 | Здружение за еднакви можности Семпер | Битола | Ропство е забрането, сите човечки суштества се слободни |
| 29. | 27-122/1. | Полио Плус - движење против хендикеп | Скопје | Еднакви можности за вработување |
| 30. | 27-73/1 | Здружени за еднакви можности Езерка | Струга | Кажи не за трговија со луѓе Информирај се!!! |
| 31. | 27-12/1 | Здружение за помош и поддршка на деца и семејства под ризик За среќно детство | Скопје | Психолошка помош, советување и терапија на жени и деца жртви на трговија со луѓе, згрижени во Државниот центар за лица жртви на трговија со луѓе |
| 32. | 27-83/1 | Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта | Скопје | Сместување и психо-социјална поддршка на жртвите од трговија со луѓе |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 33. | 27-89/1 | Здружение на граѓани Хуманитарно здружение Скопска Црна Гора | Чучер Сандево | Обука на лица со хендикеп од областа на информатичката технологија |
| 34. | 27-101/1 | Здружение за негување на националните, верските и културните традиции на припадниците на дел од српскиот народ кој живее во Република Македонија - Српски културен центар | Скопје | Културно наследство |
| 35. | 27-24/1 | Центар за демократски развој РИТО | Дебар | Поддршка за индивидуален развој |
| 36. | 27-100/1 | Книжевен клуб Јехона е Карадакут | Куманово | Книжевниот културен идентитет на Карадак |
| 37. | 27-36/1 | Здружение ЛАСЕР ТДП | Тетово | Поблиску до европските интеграции |
| 38. | 27-175/1 | Младински граѓански комитет Дебар МГК | Дебар | Едукација и информација на младите |
| 39. | 27-33/1. | Здружение Јосиф Багери | Тетово | Уметноста не познава граници |
| 40. | 27-66/1 | Организација на жени Радика | Скопје | Река-културна вредност, раритет и разноликост |

Член 2

Се задолжуваат здруженијата и фондации од член 1 од Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна до 30.06.2014 година, да доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9870/1
17 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.